Врз основа на член 33 став 5 од Закон за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/2016, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25 и 132/25) министерката за образование и наука донесе

# Правилник
# за начинот на обезбедување на средства за меѓународната матура во средно образование

Член 1

Со овој правилник се утврдува начинот на обезбедување на средства за меѓународната матура во средно образование.

Член 2

Средствата за реализација на меѓународната матура во средното училиште во кое се реализира меѓународната матура се одобруваат од сметка на Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: Министерството), по претходно доставено барање од средното училиште и соодветна документација.

Член 3

Средствата од член 2 од овој правилник се одобруваат за следните намени:

- годишна членарина (согласно документ од International Baccalaureate, Geneve, Switzeland),
- патни трошоци и хотелско сместување поврзани со обуки и меѓународна соработка,
- проверка на кандидатите (доколку учениците постигнат незадоволителни резултати на проверката и истата треба да ја повторат, должни се сами да ги покријат трошоците за повторна проверка),
- учебници, друга стручна литература и публикации за библиотеката во средното училиште,
- канцелариски материјали,
- наставно образовни помагала,
- наставна опрема за воспитно-образовниот процес,
- трошоци за работа во лабораторија и за образовен софтвер,
- користење на курирски услуги на ДХЛ сервис и
- банкарска провизија и разлика во курсевите при купување на странска валута и друго.

Член 4

Бирото за развој на образованието (во натамошниот текст: Бирото) обезбедува средства за:

– обуки на наставниците кои ја реализираат меѓународната матура во средно образование и
– меѓународна соработка на средното училиште во кое се реализира меѓународната матура за CAS (creativity, action, service).

Член 5

Министерството, односно Бирото, средствата од членовите 2, 3 и 4 на овој правилник ги префрла на сметка на средното училиште во кое се реализира меѓународната матура.

Член 6

Со денот на влегување во сила на овој Правилник престанува да важи Упатството за начинот на обезбедување на средства за реализација меѓународната матура во средно образование број 11-2023/1 од 23.04.2013 година и број 07-11346/1 од 08.07.2014 година.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

**Министерка за образование и наука,**
**проф. д-р Весна Јаневска, с.р.**

Бр. 13-12562/1
26.09.2025г.
Скопје